OHRIDSKA BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP

СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТ

Скопје, 22 јуни 2018 година

## Охридска банка Сосиете Женерал формира Клуб на таленти

Охридска банка Сосиете Женерал формира Клуб на таленти, наменет за сите млади таленти и потенцијали во различни области.

Во рамки на годишната стратегија за општествена одговорност, Охридска банка Сосиете Женерал денес ја најавува својата платформа за општествена одговорност наречена, **ОБСГ Клуб на таленти,** која ќе има за цел да пронаоѓа млади, амбициозни и талентирани лица во различни области и истите финансиски да ги поддржува.

**ОБСГ Клуб на таленти**, како концепт, ќе функционира на база на конкурси кои ќе се објавуваат во текот на годината на одредена тема. Сите заинтересирани кои ќе ги исполнуваат условите ќе може да се пријавуваат, а Банката како основач на клубот заедно со однапред дефинирано стручно жири во секоја област, ќе избира финалисти и победник кој ќе биде финансиски награден и поддржан од страна на Банката.

Првиот конкурс на Банката заедно со темата и условите за учество, во рамки на Клубот на таленти ќе биде објавен на почетокот на јули, годинава.

Водејќи се од основните принципи на работењето, тимски дух, иновација, посветеност и одговорност, Охридска банка Сосиете Женерал како општествено-одговорна компанија, на годишно ниво издвојува значаен износ на финансиски средства кои ги насочува во различни области како култура, спорт, образование и тн., секогаш изнаоѓајки таленти и потенцијали на кои им е потребна поддршка за развој на својот талент, доедукација и усовршување во својата насока, се со цел да помогне во развојот на сите млади кои покажуваат потенцијал во одредена насока.

"*Како општествено одговорна компанија со сериозен годишен план сме искрено насочени кон помагање на заедницата. Ја создаваме платформата за општествена одговорност наречена ОБСГ Клуб на таленти, со цел под една капа да ги ставиме сите наши заложби во оваа насока. Минатата година со 10.000 евра поддржавме една одлична изнис идејата, која денес прерасна во сериозен бизнис. Овојпат преку конкурси во различни области ќе се насочиме во други насоки. Сакаме да оставиме белег и придонес во општеството и истовремено да дадеме поддршка на младите потенцијали на нашата земја, баш кога тоа им е најпотребно*'', изјави Нина Неданоска, Член на УО на Охридска банка Сосиете Женерал.

OHRIDSKA BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP

*За Охридска банка Сосиете Женерал*

*Охридска банка Сосиете Женерал е универзална банкарска институција која припаѓа на една од најголемите финансиски групации во светот – групацијата Сосиете Женерал. Со повеќе од 146.000 вработени, со присуство во 66 земји, Групацијата Сосиете Женерал опслужува 31 милион клиенти низ целиот свет повеќе од 150 години. Охридска банка Сосиете Женерал функционира според високите стандарди на Сосиете Женерал, почитувајќи ги четирите главни вредности на Групацијата: тимски дух, иновација, посветеност и одговорност. Основната стратегија на Охридска банка Сосиете Женерал е постојаното унапредување на квалитетот на извршувањето на банкарските услуги и нејзината целосна посветеност да ги задоволи потребите на своите клиенти. Преку своето седиште во Скопје и широката мрежа од 27 експозитури на територијата на Македонија, Охридска банка Сосиете Женерал има за цел да биде поим за банкарски односи, препознатлива на пазарот, блиска до клиентите, избрана поради својот квалитет и посветеноста на нејзините тимови. Охридска банка Сосиете Женерал во 2016 година е носител на три награди во категоријата „Најдобра банка во Македонија“ од трите најважни банкарски авторитети - “Global Finance”, “Euromoney” и “The Banker” и носител на наградата „Најдобра банка во Македонија“ во 2017 година од “Global Finance“ и “Euromoney”. Во 2018 година, банката повторно ја доби наградата за Најдобра банка во Македонија, според познатиот магазин “Global Finance”.*

**Контакт за медиуми на Охридска банка Сосиете Женерал**
Катерина Петровска
Раководител на Дирекција за Маркетинг
e-mail: komunikacii@ob.com.mk
Тел: +389 2 3167 698

Ивана Петревска
Специјалист за маркетинг и комуникации
e-mail: komunikacii@ob.com.mk
Тел: +389 (0)2 3 167 682